**Упатство**: Препиши го текстот и подвлечи ги непознатите зборови кои сметаш дека **не се** од македонско потекло, односно дека произлегуваат од старогрчкиот и латинскиот јазик. Заедно со наставникот дискутирај за нивното значење и потекло.

## За културата на старите Хелени и Римјани (вежба)



Во античката култура на Хелените и Римјаните, позната како класична култура, лежат корените на нашата модерна европска цивилизација. Хелените биле прочуени морепловци, архитекти, поети, филозофи и уметници за разлика од Римјаните кои претежно биле познати по нивните воени освојувања ширум стариот свет. Римјаните создале моќна империја чијшто центар на моќта бил вечниот град Рим.





Со оглед на тоа што биле политеисти, во чест на нивните богови им граделе величествени храмови, им вајале прекрасни скулптури во различни форми и им принесувале животински жртви. Општо познато е дека Хелените се творци на театарот и драмската уметност, додека Римјаните се сметаат за градители на триумфалната порта и аквundefinedедуктите, но и како основачи на прочуените гладијаторски борби.

Особена предност е да се изучува духовното и материјалното творештво на овие класични народи, бидејќи нивното богатство на идеи и творби сè уште претставува непресушна инспирација за современиот свет.



Mythos е под заштита на Creative Commons
Сопственост на Ненад Начковски
BY NC ND